*Број: 02 - 13703/2*
*21.10.2010 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
***од LXXXVIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на на 28.09.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор на секторот за набавки;*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја отвори и водеше заменикот на претседателот Ирфан Хоџа. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

**П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д**

- *Усвојување на записникот од LXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година;*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Спроведување на антикризни мерки;*
3. *Надоместоци за ПЗУ специјалисти за периодот октомври – декември 2010 и анализа на вид и обем на здравствени услуги за вториот квартал на 2010 година;*
4. *Надоместоци за ПЗУ специјалисти стоматолози, за периодот октомври – декември 2010 година;*
5. *Надоместоци за ПЗУ лаборатории (ЛУ1), за периодот октомври – декември 2010 година;*
6. *Надоместок за Диамед за периодот октомври – декември 2010 година;*
7. *Анализа на остварениот вид и обем на здравствени услуги на ПЗУ кои вршат медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување - бањи за вториот квартал 2010 година;*
8. *Предлог референтни цени за хормони;*
9. *Разно*

*Потоа наведе дека од Фондот е побарано Анализата на остварениот вид и обем на здравствени услуги на ПЗУ кои вршат медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување - бањи за вториот квартал 2010 година*

*предложена како точка 7 да не се разгледува на оваа седница, а дневниот ред да се дополни со разгледување на следните точки:*

- *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
- *Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар;*
- *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Информација за спорни здравствени установи;*
- *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
- *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
- *Предлог буџет за БПО кој ФЗОМ ќе го исплати на здравствените установи за 2010 година;*

*Објасни и дека според известувањето од менаџментот на Фондот, под точка 2 наместо Спроведување на антикризни мерки ќе се разгледува Информација за буџетот 2011.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година;*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Информација за буџетот 2011;*
3. *Надоместоци за ПЗУ специјалисти за периодот октомври – декември 2010 и анализа на вид и обем на здравствени услуги за вториот квартал на 2010 година;*
4. *Надоместоци за ПЗУ специјалисти стоматолози, за периодот октомври – декември 2010 година;*

5. *Надоместоци за ПЗУ лаборатории (ЛУ1), за периодот октомври – декември 2010 година;*
6. *Надоместок за Диамед за периодот октомври – декември 2010 година;*
7. *Предлог референтни цени за хормони;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
9. *Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар;*
10. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Информација за спорни здравствени установи;*
12. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
13. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
14. *Предлог буџет за БПО кој ФЗОМ ќе го исплати на здравствените установи за 2010 година;*
15. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXXVIII - та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година.*

- *Усвојување на записникот од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година.*

- *Усвојување на записникот од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година.*

***ТОЧКА 1*** *- Ликвидност на ФЗОМ*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети оти на една од претходните седници најави дека на секоја седница ќе биде дадена информација за состојбата со ликвидноста на Фондот. Потоа наведе дека Фондот месец август го заврши со 838 милиони приходи по основ на придонеси, односно дури 120 милиони помалку од најконзервативното предвидување. Тоа значи дека предвидените приходи не се остваруваат, па ликвидноста на Фондот е влошена, дури и покрај фактот што обезбедивме Министерството за финансии да го изврши во целост трансферот. Очекувавме до октомври состојбата да се стабилизира, но тоа во вакви околности нема да се случи.*

*Љубиша Каранфиловски потсети дека на почетокот на летото имавме нагорна линија во остварувањето на приходите, па праша на што се должи овој спротивен тренд што доведува до влошување на ликвидноста.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека на ова прашање Фондот не може да одговори а објаснување треба да се бара од Управата за јавни приходи. Од воведувањето на бруто платата немаме податоци колку средства треба да се наплатат, односно колкави се побарувањата на Фондот.*

*По ова, Ирфан Хоџа предложи Управниот одбор информацијата да ја усвои и да го задолжи Фондот, односно менаџметот од Управата за јавни приходи да побара аналитичко објаснување за ненаплатените приходи по основ на придонес за здравствено осигурување и за причините за неостварувањето на проектираните приходи.*

*Останатите членови предлогот го поддржаа, па Управниот одбор едногласно ја усвои информацијата за ликвидноста на Фондот, по што едногласно донесе и*

***Заклучок:*** *Се задолжува менаџментот на Фондот од Управата за јавни приходи да побара аналитичко објаснување за причините за неостварувањето на проектираните приходи по основ на придонес за здравствено осигурување како и за нивната висина.*

***ТОЧКА 2*** *- Информација за буџетот 2011*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова даде објаснување по Информацијата за буџетот 2011 поделена на членовите на Управниот одбор како работен материјал за оваа точка. Извести и дека материјалот со иста содржина, како предлог буџет на Фондот за 2011 година со образложение, е испратен и на Министерството за финансии. Потоа наведе дека учеството на буџетот на Фондот во државниот буџет од година во година бележи намалување, што е*

*спротивно на трендот во другите земји, а истиот трендот на намлување се забележува и за односот на буџетот на Фондот со бруто домашниот производ. Имајќи ја предвид проекцијата на Министерството за финансии за пораст на бруто домашниот производ очекуваме и пораст на приходот од придонес, потребите на Фондот се на ниво на 22,3 милијарди денари (проектирано по категории на услуги и трошоци). Истакна и дека големо оптоварување за Фондот се категориите на осигуреници за кои придонесот го плаќа дражавата по повластена стапка, особено осигурениците по основ на невработеност за кои не само што се плаќа по повластена стапка од 5,4 % туку и на повластена основица која е 50% од просечната плата.*

*Борис Јосифовски истакна дека порастот на БДП не мора да донесе и зголемување на платите и со тоа на придонесите. Затоа врз основа на тој макроекономски индикатор не може да планираме поголеми приходи. Додаде дека во сегашните услови е потребно Министерството за финансии месечно да дозначува на Фондот по 500 милиони денари за да може Фондот да одговори на обврските. Ако буџетот не не следи, Фондот не ќе може да издржи, и тоа треба експлицитно да се каже. Укажа и дека треба да се прикажат и обврските на Фондот кои повеќе месеци не се платени. Предлог буџетот за 2011 покажува дека приходите ги покриваат расходите, но неколкумесечните обврски остануваат.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа дека дека е потребно внимание зашто ако расходите се планираат врз основа на оптимистички проекции за приходите а тие не се остварат, Фондот може да се најде во непријатна ситуација.*

*Татјана Лукановска објасни дека при изготвувањето на предлог буџетот на Фондот најпрво е водено сметка за тоа колку Фондот може да прибере средства и тоа повторно со конзервативен пристап. Исто така, се трудевме на Министерството за финансии да му докажеме дека трансферот на средства што од нив го добиваме е неопрвдано мал и дека ако се сака Фондот да функционира мора да се зајакне. Потребно е исто така да се поврземе со дваесетдневна ликвидност, како минимум салдо за нормално функционирање на Фондот.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор ја усвои информацијата за буџетот на за 2011 година. Покрај тоа побара менаџментот на Фондот и понатаму да се ангажира за афирмирање на потребата на Фондот од поголем трансфер на средства заради овозможување на нормално работење и извршување на обврските.*

*ТОЧКА 3 - Надоместоци за ПЗУ специјалисти за периодот октомври – декември 2010 и анализа на вид и обем на здравствени услуги за вториот квартал на 2010 година*

*Татјана Лукановска објасни дека пресметката за предложената измена на договорените надоместоци на здравствените установи кои вршат специјалистичко- консултативна здравствена заштита е направена врз основа новите понуди за склучување на договори како и врз база на промените во бројот на тимовите во ПЗУ кои веќе имаат склучено договори. Потоа наведе и дека остварувањето на видот и обемот на здравствени услуги е 150% што покажува дека здравствените установи многу повеќе работат одошто им се плаќа. Има и 10 установи кои немаат целосно остварување на договорените надоместоци, односно потфрлија за вкупно 386.215 денари. Овие средства еднократно ќе се скратат со наредната исплата. Истовремено треба да се склучат нови договори и да се ревидираат надоместоци во ПЗУ кои имаа промени во тимовите. Нето ефектот од сите намалувања и зголемувања е назначителен и нема потреба од повлекување на средства од други ставки.*

*Исто така се предлага усвојување на индексот на оставрување по вид и обем на услуги за 2 кбвартал за ПЗУ, вкупниот индекс за остварување е 150.66.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*и **Заклучок:** Се утврдуваат индекси по вид и обем за поединечни ПЗУ.*

*ТОЧКА 4 - Надоместоци за ПЗУ специјалисти стоматолози, за периодот октомври – декември 2010 година*

*Татјана Лукановска објасни дека и кај установите од областа на стоматологијата предлогот е изготвен врз основа на новите понуди за склучување на договори и на промените во бројот на тимовите кај оние установи ПЗУ кои веќе имаат склучено договори.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 5 - Надоместоци за ПЗУ лаборатории (ЛУ1), за периодот октомври – декември 2010 година*

*Објаснување и по оваа точка даде Татјана Лукановска. Наведе дека со цел дефинирање на надоместокот за ПЗУ лабораториите кои работат по упат од матичен лекар (LU1) за IV квартал и склучување на анекс договори кон веќе постоечките за 2010 година (јануари - септември), во текот на месец октомври беа организирани неколку средби со претставниците од Лекарска комора. На средбите се донесе заклучок дека периодот за мерење на ефектите од намалување на референтните цени на дел од лабораториските услуги е премногу краток ( во примена се од 19.07.2010 година) и како резултат на оваа измена анализите на податоците со кои располага ФЗОМ не претставуваат релевантна основа за детерминирање на нови буџети. Заклучено е дека треба да се следат уште три месеци. Во меѓувреме да се работи на електронско прибирање на податоците за анализа. Во таа насока, на Управниот одбор се предлага усвојување на надоместок за IV квартал за ПЗУ лабораториите во висина на вредноста на досегашниот буџет на квартално ниво со мали измени кај дел од лабораториите (нови, раскинати договори). Истовремено, овој начин на определување на буџетот е во согласност со Правилникот за кадар, простор и опрема од Министерството за здравство, каде што овие лаборатории кои работат по упат од матичен лекар имаат третман на примарно ниво и висината на буџетот се определува по основ на капитација. Лекарската комора планира координација со Министерството за здравство во идниот период со цел допрецизирање на нивниот статус и поблиско определување на критериуми за отворање на лаборатории кои работат по ЛУ1. Во исто време Фондот продолжува да го следи видот и обемот на реализираните лабораториски услуги. Предлогот на надоместоците за ПЗУ лабораториите за четвртиот квартал на 2010 година нема да има финансиски импликации врз буџетот на Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на***

***лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита за четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се утврдија надоместоците за ПЗУ лабораториите за четвртиот квартал на 2010 година.*

*ТОЧКА 6 - Надоместок за Диамед за периодот октомври – декември 2010 година*

*Татјана Лукановска објасни дека за здравствената установа Диамед која дава услуги на хемодијализа на осигурените лица беше утврден надоместокот заклучно со месец септември. На оваа седница се предлага за усвојување надоместокот за последниот квартал на годината. Изготвен е во согласност со заклучокот на Управниот одбор за обезбедување на хемодијализа во оваа установа за 70 пациенти.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети дека со Диамед за првпат беше склучен договор и утврден надоместок во мај и тоа за 40 пациенти за кои нема место во јавното здравство. Во јули овој број беше зголемен на 70, а Диамед согласно заклучокот на Управниот одбор го известивме дека бројот на пациентите за оваа година им е дефинитивно утврден, и дека во 2011 ќе им биде зголемен со зголемувањето на бројот на нови пациенти во Скопје.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок***
***што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „ДИАМЕД“ - СКОПЈЕ за третирање на осигурените лица со хемодијализа***

*со која се утврди висината на вкупниот надоместок за четвртиот квартал на 2010 година.*

*ТОЧКА 7 - Предлог референтни цени за хормони*

*Татјана Лукановска објасни дека по едномесечни анализи при што е направена анализа и на решенијата и цените во регионот, изготвени се цени за биохемиско – ендокринолошка, цитогенетско – андролошка и лабораторија за ХПВ типизација, услуги. Овие услуги се неопходни за да се дојде до in vitro процедура и со нивното донесување ќе се заокружат сите услуги потребни за изведување на in vitro оплодувањето.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита***

*со која се утврдија референтни цени на здравствени услуги од биохемиско – ендокринолошка, цитогенетско – андролошка и лабораторија за ХПВ типизација.*

*ТОЧКА 8 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Јасмина Смилевска објасни дека со овој правилник се предлага одложување на примената на одредбите на правилникот донесени во декември 2009 година што се однесуваат на фактурирањето на услугите и пресметувањето на надоместокот на здравствената установа за извршените лабораториски испитувања. Овие одредби требаше да влезат во сила од 1 октомври оваа година. Се предлага примената да се одложи и да започне со новите договори за 2011 година, односно од 1 април 2011.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар***

*со кој примената на одредбите на правилникот од 18 декември 2009 година се одложува за 1 април 2011.*

*ТОЧКА 9 - Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Јасмина Смилевска објасни дека заради одложувањето на примената на правилникот од претходната точка и несклучувањето на нови договори, ќе треба да се изврши соодветна измена и во содржината на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар. За таа цел,*

*неговата примена со анекс треба да се продолжи за периодот до почетокот на примената на правилникот.*

*Уважувајќи го објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**

**за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар**

*со која се утврди формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар.*

ТОЧКА 10 - *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По објаснувањето на предлогот од страна на Златко Алексов, Управниот едногласно донесе*

**Одлука**

**за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

ТОЧКА 11 - *Информација за спорни здравствени установи*

*Информацијата за спорните ситуации со неколку здравствени установи ја изложи Јасмина Смилевска. Во информацијата се опфатени спорните ситуации со здравствените установи Поликлиника Медика од Скопје, Мултимед Плус од Скопје и Д-р Мишо од Кочани.*

*За ПЗУ Поликлиника Медика од Скопје наведе дека има поднесено една понуда за склучување на договор за 2010 година за дејностите општа медицина, гинекологија и општа стоматологија. При комплетирање на предметите во февруари 2010 година се констатира дека треба да достават посебна понуда за општа стоматологија . Референтот кој го работел предметот не побарал посебна понуда за гинекогија поради тоа што единствениот гинеколог во здравствената установа по писмено известување на ПЗУ Медика од 02.02.2010 година не работи веќе како избран лекар. Поради тоа договор за пружање на здравствени услуги за 2010 година е изготвен само за општа медицина и општа стоматологија. За време на важење на Договорот за 2009 година кој е продолжен со анекс до 31.03.2010 година, здравствената установа го известила Фондот дека има вработено нов лекар. Анексот за нов*

*лекар, започнува да важи од 17.03.2010 година до истекување на важењето на договорот за 2009, односно до 31.03.2010 година.*

*Потоа објасни дека анексот за вработување на нов лекар е тековна работа на референтот кој ја води примарната дејност, и изготвувањето на новите договори се врши со ангажирање на поголем број на вработени од други сектори во Фондот и подрачна служба Скопје. Кога е работен договорот за 2010 година посебна понуда за дејноста гинекологија со комплетиран тим не е побарана, бидејќи стариот гинеколог веќе бил одјавен со 02.02.2010 година, а новиот бил пријавен дури на 17.03.2010 година. Здравствената установа го има потпишано новиот договор за општа медицина со 4 тима со важност од 01.04.2010 година и новиот договоро за општа стоматологија со 1 тим со важност од 01.04.2010 година. И покрај тоа што лекарот од дејноста гинекологија воопшто не е наведен во прилог-1 кој е составен дел на потпишаните договори, ПЗУ Медика нема побарано од Фондот да изготви нов договор за гинекологија за 2010 година. Целата ситуација излегла на виделина кога здравствената установа поднела понуда за отворање на нова работна единица во Битола. Тогаш референтот констирал дека договор за гинекологија за 2010 година не е изработен поради тоа што воопшто нема нова понуда за 2010 година. Имено во модулот не може да се изготви анекс за новата работна единица во Битола, кога нема постоечки договор на кој би се надоврзала и другата работна единица. За целиот изминат период подрачната служба Скопје на ПЗУ Медика во континуитет и исплатувала капитација, иако нема договор за 2010 година .*

*За ПЗУ Мултимед Плус од Скопје објасни дека носителот на дејноста Д-р Катерина Јовановска продолжила да пружа здравствени услуги откако на 31.01.2010 наполнила 66 години. Анексот за продолжување на договорот за 2009 година со важност до 31.03.2010 година е потпишан од страна на здравствената установа. За да продолжи да работи со Фондот по наполнување на 66 години старост на носителот на дејноста, обврска е на здравствената установа да вработи нов лекар. Докторката продолжила да работи и по наполнување на 66 години старост односно до 31.03.2010 година, бидејќи во тој период поради пандемијата на свинскиот грип сметала дека договорот се продолжува како дел од мерките на Владата односно Министерството за здравство за справување и спречување на пандемијата. Поради тоа бара да и се исплати капитација за период до 31.03.2010 година.*

*За ПЗУ Д-р Мишо, специјалистичка ординација по невропсихијатрија од Кочани објасни дека носителот на дејноста Д-р Михаил Иванов бара да продолжи да пружа здравствени услуги и по наполнување на 66 години старост. Д-р Иванов на 09.07.2010 година стекнал право на пензија и со оглед на бројот на населението што го опслужува и тоа во местата Кочани, Виница,*

*Делчево, Берово, Македонска Каменица и Пехчево, по неговото заминување нема да има специјалисти по невропсихијатрија. Поради тоа бара да му се продолжи важењето на договорот.*

*По изложената информација дискутираа членовите на Управниот одбор. На крајот, врз основа на дискусијата, Ирфан Хоџа предложи Управниот одбор да одлучи како да се постапи така што ќе заклучи: бидејќи не може да се склучуваат договори со ретроактивно важење, со здравствената установа Медика да се склучи договор почнувајќи од месец септември 2010 година. Со здравствените установи ПЗУ Мултимед Плус од Скопје и ПЗУ Д-р Мишо од Кочани договорите да не се продолжуваат по датата кога лекарите исполниле услови за пензионирање, а износите кои им биле исплатени по пензионирањето да ги вратат.*

*Во врска со здравствената установа Медика, Управниот одбор едногласно го поддржа предлогот и донесе*

***Заклучок:** Со здравствената установа Медика да се склучи договор почнувајќи од месец септември 2010 година.*

*Во врска со здравствените установи ПЗУ Мултимед Плус од Скопје и ПЗУ Д-р Мишо од Кочани, Борис Јосифовски не се согласи со предлогот наведувајќи дека штом установите работеле, односно давале услуги на осигурени лица, Фондот не треба да бара враќање на средствата кои ги исплатил. Останатите членови го поддржаа предлогот на Ирфан Хоџа. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Заклучок:** Со здравствените установи ПЗУ Мултимед Плус од Скопје и ПЗУ Д-р Мишо од Кочани договорите да не се продолжуваат по датата кога лекарите исполниле услови за пензионирање, а износите кои им биле исплатени по пензионирањето да ги вратат.*

*ТОЧКА 12 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Јасмина Смилевска објасни дека единствена измена што се предлага да се направи е интервенцијата во списокот со ортопедски помагала како составен дел на правилникот. Се предлага во списокот кај ортопедските слушни помагала во делот на батерии и приклучок, да се додадат зборовите „освен за деца". Со тоа ќе се означи дека децата не треба да плаќаат учество во цената на овие помагала.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*со кој се изврши предложената измена.*

*ТОЧКА 13 - Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита*

*Татјана Лукановска објасни дека по барање на здравствените установи, за евиденција и фактурирање на услугата што ја даваат тим од лекари во вид на писмено стручно мислење - конзилијарно мислење за потребите на осигурените лица, се предлага усвојување на референтна цена за писмено стручно мислење (конзилијарно мислење) во висина од 110 денари. Понатаму наведе дека во однос на услугата колоноскопија (тотална) имало бројни реакции од здравствените работници за истата да се коригира од 1.200 на 4.500 денари. Поради тоа, од наша страна се направи анализа на цената на 600 колоноскопии извршени на Клиниката за гастроентерохепатологија во периодот од 1 јануари до 28 септември 2010 година групирани според ДСГ системот. Од анализата произлезе дека најниската цена на колоноскопија е 3.748 денари, највисоката 8.309 а средна цена е 4.499,88 денари. По согледувањата на комисијата за утврдување на референтни цени и пресметка на реалните трошоци при формирањето на цената, се предлага Управниот како по ДСГ, така и за специјалистички пакети, да утврди иста цена во висина од 4.500 денари.*

*Директорката Парнарциева - Змејкова пак предложи примената на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски, донесена на 13 август а објавена во Службен весник број 122, да се одложи за еден месец. Имено, со одлуката се утврдија пакети за дополнување на основните пакети на медикаментозна терапија со специфични лекови. Примената се предлага да се одложи за еден месец затоа што здравствените установи сеуште не се подготвени да го вршат фактурирањето за тие пакети според одлуката.*

*Управниот одбор ги прифати објаснувањата, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со кои се извршија предложените измени и дополнувања.*

*ТОЧКА 14 - Предлог буџет за БПО кој ФЗОМ ќе го исплати на здравствените установи за 2010 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека се работи за истите средства кои беа утврдени за БПО услуги по одделни здравствени установи, но сега е потребно да се донесе посебна одлука во согласност со одредбите на Правилникот за критериумите за склучување договори и постапката за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита донесен во месец јуни. Со правилникот е предвидено Управниот одбор со одлука да утврди еден заеднички буџет за сите установи кои даваат БПО услуги, а осигурените лица да одлучуваат во која здравствена ќе ја побараат услугата. Затоа сега средствата кои беа поделени по здравствени установи треба да се утврдат како еден заеднички буџет за БПО.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на вкупната висина на средства за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

*ТОЧКА 15 - Разно*

*Бидејќи под точката разно немаше предлози за разгледување, по донесувањето на одлуката од точка 14 дневниот ред беше исцрпен, и во 15.40 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXXVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***